Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 420/2
29. 11. 2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 39-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 30.10.2024 година, со почеток во 16.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 38-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Одлука за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2024-2025 година.
3. Предлог- Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2024 година - трет ребаланс.
4. Предлог- Одлука за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2025 година.
5. Предлог- Одлука за усвојување на Развојна програма ЈДА- Модернизација на централното подрачје во Градско, Општина Градско за 2025 година.
6. Разгледувања на барања и поднесоци.
7. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 39-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 37-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 37-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 38-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 38-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Одлука за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2024-2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Ја ставивме како развој на програма бидејќи ќе се почне со постапка за јавна набавка, средства се веќе одобрени, потпишани се договори помеѓу општината и надлежното министрство во случајов Министерство за транспорт и врски и за да се почне со постапка за јавна набавка мора да имаме предвидено дел од средствата и за оваа година. Поделено е поради тоа што ќе се плаќа по времени ситуации. Трасата е од кај Бошко Петрушев до улицата Даме Груев кај Браховиќ. Нашиот дел за учество е планиран во 2025 година во износ од 1.999.480,00 денари, но сумата ќе зависи од самата постапка, ако се намалува сумата ќе се намали нашето учество.

Сеат Сулковиќ- кога реално ќе започне реконструкцијата.

Елена Смилкова- за цела постапка околу 20-23 дена.

Јованче Стојанов- ако падне цената на понудата дали значи дека се намалува нашиот дел.

Елена Смилкова- да се намалува нашиот дел, доколку дојде до намалување, тие средства се ослободуваат и може да се се искористат за друго.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2024-2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2024-2025 година.

*3.Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2024 година - трет ребаланс.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Ребалансот го правиме за да ги ставиме тие дел од средствата, односно 3.200.000,00 денари по капиталната донација и дополнително за школото имаат допис за зголемување на блок дотацијата од 339.000,00 денари. Има измени и кај N1 програмата 483 купување на училишен мебел, ќе се искористат за набавка на клупи, столчиња и друго што им е потребно. Измените се само за изградба на улицата и за купување на училишен мебел, останатото останува исто.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2024 година - трет ребаланс.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ги усвои Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2024 година - трет ребаланс.

*4.Одлука за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Во оваа програма е само за 2025 година. Разликата се гледа во расходите односно делот за исплата само во 2025 година. Сега е законскиот рок за носење на развојните програми кои ќе бидат дел од буџетот на општината за 2025 година.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Развојна програма ЈДБ- Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско, Општина Градско за 2025 година.

*5.Одлука за усвојување на Развојна програма ЈДА- Модернизација на централното подрачје во Градско, Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Со активности започнато е на крајот на 2023 година но првата ситуација е доставена во 2024 година, веќе имаме реализација по тоа и имаме исплатено 5.217.300,00 денари. За 2025 година останува сума за исплата од 4.184.730,00 денари.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Развојна програма ЈДА- Модернизација на централното подрачје во Градско, Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Развојна програма ЈДА- Модернизација на централното подрачје во Градско, Општина Градско за 2025 година.

*6.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Жанета Чаушевска за разрешување од член на Управен одбор на ЈКП Клепа Градско.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за разрешување од член на Управен одбор на ЈКП Клепа Градско.

б) Барање од Фолклорен ансамбл „Стоби“ Градско за доделување на финансиски средства.

Слободан Бошков- што е со старото друштво, од страна на совет му беа одобрувани финансиски средства, има народни носии, инструменти треба да ги врати.

Маја Андовска- нека дојде претседателот на друшвото и нека каже зошто се повлекува.

Слободан Бошков- за наредна седница да се направи преглед за 2023 и 2024 година колку средства се исплатени на КУД Стоби.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*7.Разно*

Маја Андовска- постапката со плоштадот со Жито до каде е.

Мирјана Ѓорѓиева- има постапка, се чека.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 39-та седница во 17:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева